# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 17.1.2024 година<br>Скопје<br>Број 1 год. XIX | Претплатата за 2024 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |




www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јануари, 2024 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................ 1 - 2

- Одлука за доделување парични средства на Кристијан Смилковски заради штета настаната од поплава, со Решение за објавување ...................................................... 3 - 4

- Одлука за доделување парични средства на Соња Ампова заради штета настаната од поплава, со Решение за објавување .... 5 - 6

- Одлука за донесување План за парцелација од „Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 согласно Изменување и дополнување на ДУП „Буњаковец" 1 УМ1, УМ2, УМ 3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ 10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2-станбени згради за колективно домување, Општина Центар - Скопје", со Решение за објавување ................. 7 - 11

- Одлука за донесување План за парцелација од „Урбанистички проект со план за парцелација за утврдување на нова парцелација и формирање на нови две градежни парцели од градежна парцела ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на ДУП за дел од локалитет Буњаковец 1 УМ1, УМ2, УМ 3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ 10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар - Скопје", со Решение за објавување ........ 12 - 16

- Одлука за изменување на Одлуката за начинот на обезбедување паркинг места во рамките на градежна парцела со употреба на механизирани паркинг системи во постапките за одобрување на проектна документација во Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...................... 17 - 19

- Одлука за одредување на височина на нулта плоча за градби кај терени во пад во Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............................................................. 20 - 21

- Одлука за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на правно лице за изградба на објект од јавен интерес од локално значење, со Решение за објавување .. 22 - 25

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година.

Бр. 09-165/3
16.1.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Во согласност со член 46 точка 1 алинеја 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на Општина Центар-Скопје на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандатот на член на Советот**
**на Општина Центар-Скопје**

1. Се констатира престанок на мандатот на членот на Советот на Општина Центар-Скопје Дивна Пенчиќ поради поднесување оставка, со денот на исполнувањето на условот предвиден со Законот за локалната самоуправа.

2. Ова Решение да се достави до именуваниот.

3. Ова Решение стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-165/2
16.1.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување парични средства на Кристијан Смилковски заради штета настаната од поплава**

Се објавува Одлуката за доделување парични средства на Кристијан Смилковски заради штета настаната од поплава,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година.

Бр. 09-165/5
16.1.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување парични средства на Кристијан Смилковски**
**заради штета настаната од поплава**

**Член 1**

На Кристијан Смилковски му се доделуваат парични средства во износ од 20.000,00 денари за штета настаната од поплава поради пукната водоводна цевка.

**Член 2**

Општина Центар-Скопје ќе ги исплати средствата од член 1 на оваа Одлука од Буџетот на Општината за 2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-165/4
16.1.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување парични средства на Соња Ампова заради штета настаната од поплава**

Се објавува Одлуката за доделување парични средства на Соња Ампова заради штета настаната од поплава,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година.

Бр. 09-165/7
16.1.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување парични средства на Соња Ампова**
**заради штета настаната од поплава**

**Член 1**

На Соња Ампова ѝ се доделуваат парични средства во износ од 20.000,00 денари за штета настаната од поплава поради пукната водоводна цевка.

**Член 2**

Општина Центар-Скопје ќе ги исплати средствата од член 1 на оваа Одлука од Буџетот на Општината за 2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-165/6
16.1.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување План за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување План за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ 3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ 10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2- станбени згради за колективно домување, Општина Центар - Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година.

Бр. 09-165/9
16.1.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 28.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување План за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува План за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар- Скопје, изработен од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје со тех. бр. 031/04/23 од ноември 2023 година, во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 225/20; 219/21; 104/22 и 99/23).

Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар-Скопје, претставува разработка на Изменувањето и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, донесен од Советот на Општина Центар-Скопје со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.5.2012 година.

План за парцелација е графички прилог и составен дел на урбанистичкиот план во кој се врши секундарна поделба на градежното земјиште, односно во кој се формираат градежните парцели, додека во урбанистичкиот проект планот за парцелација е планско-проектен документ за препарцелација на формирани парцели со ист носител на правото на сопственост.

### Член 2

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ 3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар-Скопје, со својата местоположба ѝ припаѓа на скопската населба Буњаковец, дел од територијата на Општина Центар-Скопје. Предмет на разработка на Урбанистичкиот проект се градежните парцели формирани на КП 10147/3 и КП 10147/2 во КО Центар 1. Границите на проектниот опфат се совпаѓаат со границите на градежните парцели, а површината на проектниот опфат изнесува 532 м².

### Член 3

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение бр. 09-3068/1 од 2.6.2022 година за Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар-Скопје, издаде Позитивно мислење со бр. 09-2189/13 од 15.12.2023 година, со кое потврдува дека Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 225/20; 219/21; 104/22 и 99/23).

### Член 4

Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар-Скопје, ќе се одобри од Градоначалникот веднаш по донесувањето на Планот за парцелација.

**Член 5**

Потврдениот Урбанистички проект задолжително се објавува во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службениот гласник на Општина Центар-Скопје" и на веб-страницата на Општината.

**Член 6**

Потврдениот Урбанистички проект станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој овластен пристап имаат донесувачот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности и другите учесници во постапката за изработување и донесување урбанистички планови.

**Член 7**

Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар-Скопје, може да се спроведува по извршено дигитално преклопување. Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето за потврдениот урбанистички проект да го изврши дигиталното преклопување.

**Член 8**

Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар-Скопје, ќе се применува по исполнувањето на одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.

**Член 9**

Составен дел на оваа Одлука е Планот за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за формирање една градежна парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 во согласност со Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, со намена А2.2 - станбени згради за колективно домување, Општина Центар-Скопје.

## Член 10

Оваа Одлука стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар–Скопје".

Бр. 08-165/8
16.1.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување План за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ 3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ 10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар - Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување План за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ 3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ 10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар - Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година.

Бр. 09-165/11
16.1.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Советот на Општина Центар-Скопје на 31. седница, одржана на 28.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување План за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува План за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар-Скопје, изработен од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје со тех. бр. 0801-130/23 од декември 2023 година, во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 225/20; 219/21; 104/22 и 99/23).

Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар-Скопје, претставува разработка на Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, донесен од Советот на Општина Центар-Скопје со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.5.2012 година.

План за парцелација е графички прилог и составен дел на урбанистичкиот план во кој се врши секундарната поделба на градежното земјиште, односно во кој се формираат градежните парцели, додека во урбанистичкиот проект планот за

парцелација е планско-проектен документ за препарцелација на формирани парцели со ист носител на правото на сопственост.

### Член 2

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар-Скопје, со својата местоположба ѝ припаѓа на скопската населба Буњаковец, дел од територијата на Општина Центар-Скопје. Со Урбанистичкиот проект се врши утврдување нова парцелација на градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, донесен од Советот на Општина Центар-Скопје со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.5.2012 година и изземање на зафатеното земјиште со реализираната сообраќајница во границите на градежните парцели утврдени со истиот урбанистички план заради остварување на јавниот интерес и заштитата на приватниот интерес.
Границите на проектниот опфат се следниве:

- **на североисток** границата на проектниот опфат коинцидира со дел од границата на КП 10140, КП 10141, КО Центар 1;
- **на југ** границата на проектниот опфат поминува низ КП 10142, КП 11525/3, КП 11525/1, коинцидира со границата на КП 10144/3, КП 11421/4, КП 11421/3, КО Центар 1;
- **на северозапад** границата на проектниот опфат коинцидира со границата на КП 10151, КО Центар 1;

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 1.172 м$^2$.

### Член 3

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение бр. 09-3068/1 од 2.6.2022 година за Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ 3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар-Скопје, издаде Позитивно мислење со бр. 09-2099/22 од 15.12.2023

година, со кое потврдува дека Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 225/20; 219/21; 104/22 и 99/23).

**Член 4**

Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар-Скопје, ќе се одобри од Градоначалникот веднаш по донесувањето на Планот за парцелација.

**Член 5**

Потврдениот Урбанистички проект задолжително се објавува во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службениот гласник на Општина Центар-Скопје" и на веб-страницата на Општината.

**Член 6**

Потврдениот Урбанистички проект станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој овластен пристап имаат донесувачот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности и другите учесници на постапката за изработување и донесување урбанистички планови.

**Член 7**

Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар-Скопје, може да се спроведува по извршено дигитално преклопување. Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето за потврдениот урбанистички проект да го изврши дигиталното преклопување.

## Член 8

Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар-Скопје, ќе се применува по исполнувањето на одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.

## Член 9

Составен дел на оваа Одлука е Планот за парцелација од Урбанистичкиот проект со План за парцелација за утврдување нова парцелација и формирање нови две градежни парцели од градежните парцели ГП 4.9 и ГП 4.10 од Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, Општина Центар-Скопје.

## Член 10

Оваа Одлука стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар–Скопје".

Бр. 08-165/10
16.1.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за начинот на обезбедување паркинг-места во рамките на градежна парцела со употреба на механизирани паркинг-системи во постапките за одобрување проектна документација во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за начинот на обезбедување паркинг-места во рамките на градежна парцела со употреба на механизирани паркинг-системи во постапките за одобрување проектна документација во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година.

Бр. 09-165/13
16.1.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 32. седница, одржана на 16.1.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## за изменување на Одлуката за начинот на обезбедување паркинг-места во рамките на градежна парцела со употреба на механизирани паркинг-системи во постапките за одобрување проектна документација во Општина Центар-Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Центар-Скопје врши измена на Одлуката за начинот на обезбедување паркинг-места во рамките на градежна парцела со употреба на механизирани паркинг-системи во постапките за одобрување проектна документација во Општина Центар-Скопје бр. 08-4772/32 од 27.9.2022 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 13/22).

### Член 2

Во член 4 од Одлуката за начинот на обезбедување паркинг-места во рамките на градежна парцела со употреба на механизирани паркинг-системи во постапките за одобрување проектна документација во Општина Центар-Скопје бр. 08-4772/32 од 27.9.2022 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 13/22), ставовите 3 и 4 се бришат и се заменуваат со нов став 3 што гласи:

- Во градежните парцели е дозволена употреба на механизирани паркинг-системи доколку најмалку 90 % од потребниот број паркинг-места се обезбедени без механизирани системи.

Во член 4 од Одлуката за начинот на обезбедување паркинг-места во рамките на градежна парцела со употреба на механизирани паркинг-системи во постапките за одобрување проектна документација во Општина Центар-Скопје бр. 08-4772/32 од 27.9.2022 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 13/22), ставовите 5 и 6 се бришат и се заменуваат со нов став 4 што гласи:

- Во градежните парцели кај кои се предвидува заедничко подземно паркирање во подземни нивоа дозволена е употреба на механизирани паркинг-системи доколку најмалку 90 % од потребниот број паркинг-места се обезбедени без механизирани паркинг-системи.

**Член 3**

Преостанатите одредби од Одлуката за начинот на обезбедување паркинг-места во рамките на градежна парцела со употреба на механизирани паркинг-системи во постапките за одобрување проектна документација во Општина Центар-Скопје бр. 08-4772/32 од 27.9.2022 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 13/22) остануваат непроменети.

Оваа Одлука претставува составен дел на Одлуката за начинот на обезбедување паркинг-места во рамките на градежна парцела со употреба на механизирани паркинг-системи во постапките за одобрување проектна документација во Општина Центар-Скопје бр. 08-4772/32 од 27.9.2022 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 13/22), со цел прецизирање на условите нормирани со член 2 на оваа Одлука при спроведување на постапки во согласност со Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09; 124/10; 18/11; 18/11; 36/11; 49/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 129/15; 129/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19; 18/20; 279/20; 227/22 и 111/23).

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-165/12
16.1.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одредување на височина на нулта плоча за градби кај терени во пад во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за одредување на височина на нулта плоча за градби кај терени во пад во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година.

Бр. 09-165/15
16.1.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), а во врска со член 24 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23), Советот на Општина Центар-Скопје на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
# за одредување височина на нулта плоча за градби кај терени во пад во Општина Центар-Скопје

## Член 1

Со оваа Одлука Општина Центар-Скопје ја одредува височината на нултата, односно приземната плоча на градбите кај терени во пад со насока од лицето на парцелата - пристапната сообраќајница кон дното на парцелата.

Оваа Одлука за одредување на височината на нулта плоча за градби кај терени во пад важи за планираните објекти во градежните парцели за кои не е уредено во општите одредби/услови во деталните урбанистички планови што се спроведуваат во Општина Центар-Скопје.

## Член 2

Оваа Одлука се применува во постапките за одобрување проектна документација за изградба на објекти кај терени во пад.
Оваа Одлука не се применува во случаи каде што има претходно одобрен идеен проект или започната управна постапка - барање за одобрение за градење пред донесувањето на оваа Одлука.

## Член 3

Нулта плоча, односно приземна плоча, се одредува како пресек на градежната линија со котата на теренот од страната на пристапната сообраќајница.

Кај овие градби максималната височина на градбата, односно горниот или завршниот венец, се мери на пресекот на заштитниот тротоар околу градбата со градежната линија од страната на пристапната улица.

**Член 4**

Се задолжуваат Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и Секторот за урбанизам да ја применуваат оваа Одлука во постапките за заверка на идејни проекти и издавање одобренија за градење.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-165/14
16.1.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на правно лице за изградба на објект од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлуката за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на правно лице за изградба на објект од јавен интерес од локално значење,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година.

Бр. 09-165/17
16.1.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со членовите 3, 33, 34 и 35 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15; 106/15; 153/15; 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19; 275/19 и 122/21), како и член 16 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр. 15/15; 98/15; 193/15; 226/15; 142/16 и 190/16" и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19), Советот на Општина Центар-Скопје-Скопје на 32. седница, одржана на 16.1.2024 година, донесе

## ОДЛУКА
## за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на правно лице за изградба на објект од јавен интерес од локално значење

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Центар-Скопје ја утврдува потребата за размена на градежно земјиште што претставува ГП 01.03 со површина од 516 м$^2$ евидентирано со Имотен лист на земјиште со број 5210, КО Центар 2, Скопје за КП 98/1 и КП 98/14, КО Центар 2, Скопје, сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на правното лице РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје што претставува дел од КП 98/6, КО Центар 2, Скопје, во површина од 596 м$^2$ евидентирано во Имотен лист на земјиште со број 16905, КО Центар 2, Скопје.

Градежното земјиште КП 98/6, КО Центар 2, со површина од 596 м$^2$ од член 1 став 1 на оваа Одлука по размената ќе се запише во катастарската евиденција како КП 98/6, КО Центар 2, Скопје, во сопственост на Република Северна Македонија, а градежното земјиште КП 98/1 и КП 98/14, КО Центар 2, Скопје, односно градежното земјиште за КП 98/1 со површина од 195 м$^2$, ќе се запише како новоформирана КП 98/18 и КП 98/14 со површина од 321 м$^2$, ќе се запише како новоформирана КП 98/20 или вкупно површина од 516 м$^2$ од член 1 став 1 на оваа Одлука по размената ќе се запише на име на РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.

Градежното земјиште од ставовите 1 и 2 на овој член е уредено со Детален урбанистички план - Градска четврт Ц06 - Стара железничка станица Општина Центар-Скопје КО Центар 2, Општина Центар-Скопје, донесен од Советот на Општина Центар-Скопје со Одлука бр. 08-3381/2 од 20.7.2023 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.11 од 2023 година).

**Член 2**

Размената на градежно земјиште од член 1 став 1 на оваа Одлука се врши заради изградба на објект од јавен интерес од локално значење, сервисна улица С1, која е уредена со урбанистичкиот план од член 1 став 3 на оваа Одлука.

**Член 3**

Советот на Општина Центар-Скопје утврдува дека во случај на постоење на разлика во вредноста на недвижните ствари што се разменуваат, разликата во вредноста нема да се надоместува ако сопственикот на недвижната ствар има поголема вредност од другата ствар со која се врши размена.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ја спроведе оваа Одлука и да ги преземе сите дејства што се однесуваат на нејзината реализација, склучување спогодба/договор, нотарски заверена изјава за откажување од правото на надоместок за разликата во вредноста, како и активности со Владата на РСМ и другите надлежни институции, со цел создавање услови за спроведување на размената во согласност со законските одредби.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", а ќе се применува од денот на донесување Одлука од Владата на Република Северна Македонија со која се дава согласност за размена на градежното земјиште.

Бр. 08-165/16
16.1.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.